# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСЛОВЕН ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАУЧНАТА ОБЛАСТ КАЗНЕНО ПРАВО НА ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Наставно-научниот совет на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип на 163. Седница, одржана на 19.6.2018 година, донесе Одлука бр. 1102-96/4 од 21.6.2018 година, за формирање на Рецензентска комисија за избор на наставник во насловно звање, во наставно-научната област казнено право на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, во состав:

- Академик Владо Камбовски, редовен професор на Правен факултет „Јустинијан Први“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (претседател);
- проф. д-р Гордана Лажетиќ, редовен професор на Правен факултет „Јустинијан Први“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (член);
- проф. д-р Гордан Калајџиев, редовен професор на Правен факултет „Јустинијан Први“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (член).

Конкурсот за изборот на наставник во насловно звање вонреден професор во наставно-научната област *казнено право* на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип беше објавен во весникот „Нова Македонија“ и „Коха“ на 6.6.2018 година и во предвидениот рок се пријави д-р Лазар Нанев.

По прегледувањето на доставената документација од кандидатот, како членови на Рецензентската комисија на Наставно-научниот совет на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип му го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

**Д-р Лазар Нанев** е роден на ден 25 април 1969 година во Кавадарци, каде што со одличен успех го завршува основното и средното образование. На Правниот факултет во Скопје се запишува во учебната 1988/1989 година како редовен студент на правосудната насока. Откако ги положува предвидените испити, на 2 јули 1992 година дипломира на Правниот факултет. Во 1998 година го продолжува образованието на постдипломските студии од областа на казненото право и криминологијата на Правниот факултет во Скопје. Во периодот 2000/2002 г. ги положува сите испити од постдипломските студии и на 25 декември 2002 година, под менторство на проф. д-р Никола Матовски, успешно го брани магистерскиот труд од областа на казненото процесно право под наслов „Положбата на малолетникот во кривичната постапка”, здобивајќи се со научниот степен магистер на кривично-правни науки. Докторската теза под наслов „Криминолошките аспекти на стопанскиот криминалитет”, под менторство на проф. д-р Љупчо Арнаудовски, успешно ја брани на 22 септември 2006 година на Правниот факултет во Скопје и се здобива со научен степен доктор на кривично-правни науки. Правосудниот испит го положува на ден 23.2.2996 година, а на ден 28.4.1998 година положува и нотарски испит.

По дипломирањето, на 1 декември 1992 година се вработува во Министерството за внатрешни работи - ОВР Кавадарци, каде што работи сè до 2002 година кога е избран за судија во Основниот суд Кавадарци.

Во поглед на неговото академско искуство, истиот е избран за насловен вонреден професор со Одлука бр.1602-189/8 од 10.12.2018 на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип во областа на казненото право.

**Законски услови согласно со чл. 166, ст. 2 од Законот за високо образование („Сл. весник на РМ“ 82/2018) што треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање вонреден професор**

***Кандидатот д-р Лазар Нанев има доставено:***

1. Диплома за доктор на науки од соодветната научна област (доктор на правни науки - *научна област казнено право*);
2. Објавени најмалку пет рецензирани научни трудови во референтна научна публикација согласно со Закон за високото образование во последните пет години пред објавување на огласот за избор.

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Меѓународни научни списанија/ Меѓународни научни публикации | Година на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Kosevaliska, Olga and Nanev, Lazar | *Adequacy of the new terminology in the Law for justice for children* | Balkan Social Science Review, 2013, 3 (1). pp. 1-20. | од 2013 г. |
| 2. | Buzarovska - Lazetik, Gordana, Kosevaliska, OlgaNanev, Lazar | *School bullying - A comparative approach* | Iustinianus Primus Law Review, 6 (10). pp. 1-18. | од 2010 г. |
| 3. | Buzarovska - Lazetik, Gordana, Nanev, Lazar and Kosevaliska, Olga | *Вештачењето и „еднаквоста на оружјата*” | Македонска ревија за кривично право и криминологија, 2015, 22 (1). pp. 33-48. | од 1994 г. |
| 14. | Buzarovska - Lazetik, Gordana, Kosevaliska, Olga, Nanev, Lazar | *The “Extension” of the Roman Criminal Law in Today’s Macedonian Criminal Laws.* | Mediterranean Journal of Social Sciences MCSER Publishing, Rome-Italy, 6 (2). pp. 318-323 | 2010 г. |
| 15. | Buzarovska - Lazetik, Gordana, Kosevaliska, Olga, Nanev, Lazar | *Слободното судско уверување и индивидуализацијата на санкциите во светлината на законските решенија за воедначување на казнената политика.* | Општествени промени во глобалниот свет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Правен факултет – Штип | 2015 г. |
| 6. | Buzarovska - Lazetik, Gordana, Nanev, Lazar and Kosevaliska, Olga | *Предизвиците на новата кривична постапка против деца.* | Општествените промени во глобалниот свет, 11-13 септ. 2014, Правен факултет, УГД Штип | 2014 г. |
| 17. | Buzarovska - Lazetik, Gordana, Nanev, Lazar and Kosevaliska, Olga | *Ресторативна правда спрема деца.* | Македонска ревија за кривично право и криминологија,2016, 1 (1). pp. 1-24 | 1997 г. |
| 28. | Nanev, Lazar and Kosevaliska, Olga and Ivanova, Elena | *Притвор во постапката спрема деца* | Зборник на трудови од Четвртата меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет“. 2017, pp. 605-619. | 2017 г. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 9. | Nikolov, Igor and Atanasovski, Ivan and Nanev, Lazar | *Влијанието на ставовите на граѓаните на Република Македонија базирани на полот и возраста за законите од спортот во Република Македонија* | Second International Scientific Conference - Research in Physical Education, Sport and Health, Skopje, 2016, Skopje, Macedonia | 2016 г. |
| 10. | Atanasovski, Ivan and Nikolov, Igor and Nanev, Lazar | *View points and opinions of Macedonian citizens on sports laws based on their Residency status* | First International Scientific Conference - Research in Physical Education, Sport and Health, Ohrid, Ohrid | 2014 г. |
| 11. | Kosevaliska, Olga and Nanev, Lazar | *Информатичкиот систем на ЕВРОПОЛ* | Влијанието на научно-технолошкиот развиток во областа на правото, економијата, културата, образованието и безбедноста во Република Македонија: Зборник на трудови / Втора меѓународна научна конференција, 30-31 Oct 2014, Skopje, Macedonia | 2014 г. |
| 12. | Tusevska, Borka and Kosevaliska, Olga and Sotiroski, Ljupco and Nanev, Lazar | *Стечаен криминалитет* | Меѓународен дијалог Исток -Запад, 25-26 април 2014, Свети Николе, Македонија | 2014 г. |
| 13. | Atanasovski, Ivan and Nanev, Lazar | *Difference between sports betting and gambling on the aspect of educational level of citizens who are active users of the games of chance in the Republic of Macedonia.* | Research in Physical Education, Sport and Health, 3 (1). pp. 47-50. ISSN 1857-8160 | 2014 г. |

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Кандидатот д-р Лазар Нанев е избран за насловен вонреден професор на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип со Одлука бр.1602-189/8 од 10.12.2018 година во областа казнено право.

Во временскиот периодот на прв избор во звање насловен вонреден професор, кандидатот покрива повеќе предмети од областа на казненото право и тоа: Казнено-процесно право, Пенологија и Малолетничко казнено право. На вториот циклус на студии, кандидатот ги покрива предметите: Пенологија, Посебни кривични постапки, Криминалистика. Во периодот од првиот изборот во насловен вонреден професор до денес, кандидатот е раководител на повеќе стручни и научноистражувачки проекти во рамки на факултетот, и вон него. Од 2009 година до денес, кандидатот е раководител и учествува во организацијата

и подготвувањето на студентите за симулирани судења по предметот Казнено-процесно право, а од 2015 година до денес е главен организатор на проект „Денови на симулирано судење“ како државен натпревар помеѓу пет правни факултети во Македонија. Кандидатот е ментор и член на повеќе дипломски и магистерски трудови, како и член на комисија за одбрана на докторски дисертации, како дел од наставно-образовниот процес на студентите на прв и втор циклус студии на Правен факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

***Наставно-образовна дејсност***

Во наставно-образовната дејност кандидатот е автор на високошколски резензиран учебник и на рецензирана скрипта и практикум по предметот Малолетничко казнено право:

Buzarovska - Lazetik, Gordana and Kosevaliska, Olga and Nanev, Lazar (2015) *Кривично постапување спрема деца во ризик и деца во судир со закон.* Кривично постапување спрема деца во ризик и деца во судир со закон, 1 (1). Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Правен факултет „Јустинијан Први“, Скопје. ISBN 978-608-4655-53-4;

Lazar, Nanev and Kosevaliska, Olga (2018) Малолетничко казнено право – скрипта, Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип;

Lazar, Nanev and Kosevaliska, Olga (2018) Малолетничко казнено право – практикум, Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

***Наставноистражувачка дејност***

***Во прилог на документацијата за избор, кандидатот за насловен вонреден проф. д-р Лазар Нанев ги достави следниве трудови:***

**I. Трудови објавени во референтна научна публикација:**

Nanev, Lazar and Kosevaliska, Olga and Ivanova, Elena (2017) *Притвор во постапката спрема деца.* Зборник на трудови од Четврта научна меѓународна конференција Општествените промени во глобалниот свет, 4 (4). ISSN 978-608-244-353-9.

Buzarovska - Lazetik, Gordana, Kosevaliska, Olga and Nanev, Lazar (2016) *Ресторативна правда спрема деца.* Македонска ревија за кривично право и криминологија, 1 (1). pp. 1-24. ISSN 1409-5327.

Nikolov, Igor and Atanasovski, Ivan and Nanev, Lazar (2016) *Влијанието на ставовите на граѓаните на Република Македонија базирани на полот и возраста за законите од спортот во Република Македонија.* In: Second International Scientific Conference - Research in Physical Education, Sport and Health, Skopje, 2016, Skopje, Macedonia.

Buzarovska - Lazetik, Gordana and Kosevaliska, Olga and Nanev, Lazar (2015) *Слободното судско уверување и индивидуализацијата на санкциите во светлината на законските решенија за воедначување на казнената политика.* Зборник на научни трудови, Втора научна меѓународна конференција Општествени промени во глобалниот свет, 3-4 септ. 2015, Штип, 1 (2). pp. 117-147. ISSN 978-608-244-267-9.

Buzarovska - Lazetik, Gordana, Kosevaliska, Olga and Nanev, Lazar (2015) *The “Extension” of the Roman Criminal Law in Today’s Macedonian Criminal Laws.* Mediterranean Journal of Social Sciences MCSER Publishing, Rome-Italy, 6 (2). pp. 318-323. ISSN 2039-9340 (print) 2039-2117 (online).

Buzarovska - Lazetik, Gordana, Nanev, Lazar, Kosevaliska, Olga (2015) *Вештачењето и „еднаквоста на оружјата“.* Здружение за кривично право и криминологија на Македонија, 22 (1). pp. 33-48. ISSN 1409-5327.

Buzarovska - Lazetik, Gordana, Kosevaliska, Olga and Nanev, Lazar (2014) *School bullying - A comparative approach -.* Iustinianus Primus Law Review, 6 (10). pp. 1-18. ISSN 1857-8683.

Kosevaliska, Olga and Nanev, Lazar (2014) *Adequacy of the new terminology in the Law for justice for children.* Balkan Social Science Review, 3 (1). pp. 1-20. ISSN 1857- 8772.

Atanasovski, Ivan and Nanev, Lazar (2014) *Difference between sports betting and gambling on the aspect of educational level of citizens who are active users of the games of chance in the Republic of Macedonia.* Research in Physical Education, Sport and Health, 3 (1). pp. 47-50. ISSN 1857-8160.

Kosevaliska, Olga and Nanev, Lazar (2014) *Информатичкиот систем на ЕВРОПОЛ.* In: Влијанието на научно-технолошкиот развиток во областа на правото, економијата, културата, образованието и безбедноста во Република Македонија: Зборник на трудови / Втора меѓународна научна конференција, 30-31 Oct 2014, Skopje, Macedonia.

Buzarovska-Lazetik, Gordana, Kosevaliska, Olga and Nanev, Lazar (2014) *Предизвиците на новата кривична постапка против деца.* In: Општествените промени во глобалниот свет, 11-13 Sept 2014, Правен факултет, УГД - Штип.

Tusevska, Borka and Kosevaliska, Olga and Sotiroski, Ljupco and Nanev, Lazar (2014) *Стечаен криминалитет.* In: Меѓународен дијалог Исток -Запад, 25-26 Apr 2014, Свети Николе, Македонија.

Atanasovski, Ivan and Nikolov, Igor and Nanev, Lazar (2014) *View points and opinions of Macedonian citizens on sports laws based on their Residency status.* In: First International Scientific Conference - Research in Physical Education, Sport and Health, Ohrid, Ohrid.

**II. Трудови во стручни (научно популарно списание):**

Nanev, Lazar and Kosevaliska, Olga (2016) *Заштита на деца жртви на кривични дела и сведоци во кривичната постапка.* Стручно списание Правник (293). pp. 50-60. ISSN 1409-5238.

Во прилог на документацијата, а согласно со Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни и наставни звања на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, кандидатот достави скрипта и практикум по предметот Малолетничко казнено право.

**III.Учебни помагала**

1. Lazar, Nanev and Kosevaliska, Olga (2018) Малолетничко казнено право – скрипта, Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип;
2. Lazar, Nanev and Kosevaliska, Olga (2018) Малолетничко казнено право – практикум, Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип.

**IV. Книга**

Buzarovska-Lazetik, Gordana and Kosevaliska, Olga and Nanev, Lazar (2015) *Кривично постапување спрема деца во ризик и деца во судир со закон.* Кривично постапување спрема деца во ризик и деца во судир со закон, 1 (1). Универзитет „Св.Кирил и Методиј", Правен факултет „Јустинијан Први", Скопје. ISBN 978-608-4655-53-4.

**V. Монографија**

19. Nanev, Lazar and Ilievski, Jovan and Jakovcevska, Liljana and Kosevaliska, Olga (2014) *Процедури за постапување со дете - жртва.*

**VI. Докторска дисертација**

Нанев, Лазар (2006) „Криминолошките аспекти на стопанскиот криминалитет" PhD thesis, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје, Правен факултет „Јустинијан Први".

Во периодот од прв избор во насловен вонреден професор, кандидатот д-р Лазар Нанев учествува во научноистражувачки проект:

**VII. Меѓународни и домашни научноистражувачки проекти**

1. Kosevaliska, Olga and Tusevska, Borka and Belovski, Vojo and **Nanev, Lazar** and Miseva, Kristina and Davkova, Lidija (2015-2018), Кадровскиот капацитет, потребите и развојните потенцијали на малите и средни бизниси во Источниот регион базиран на знаења.

**VIII. Останати проекти**

Камбовски, Владо, Лажетиќ, Гордана, Нанев, Лазар, Саити, Џемали, Кошевалиска, Олга, Арифи, Беса (2016-2018) Креирање на коментар на Законот за правда за деца со практикум, УНИЦЕФ, раководител;

Лажетиќ, Гордана, Нанев, Лазар, Петреска Невена, Тозија Фимка, Кошевалиска Олга (2016-2018): Развивање на индикатори за следење на состојбата со децата жртви на насилство, UNICEF и ЕУ, раководител;

Нанев Лазар – Креирање на судница на 21 век на Правниот факултет при УГД - Штип – Американска амбасада;

2018 – Денови на симулирано судење, Амбасада на САД во Р. Македонија;

2017 – Денови на симулирано судење, Мисија на ОБСЕ во Скопје;

2016 – Денови на симулирано судење, Мисија на Обсе во Скопје;

2014 – Креирање на процедури за постапување со деца жртви на насилство, UNICEF, раководител.

Кандидатот во текот на својот избор има остварено предавање на неколкулетни школи - 22.7.2016-28.7.2016 – Предавач на Летна школа за човекови права и кривично право, Охрид, Мисија на Обсе во Скопје и 2017 г. - Предавач на Летна школа за човекови права и кривично право, Охрид, Мисија на ОБСЕ во Скопје, 2017 - Предавач на Летна школа за природно право, Охрид, Американска амбасада, МАНУ и Мисија на Обсе во Скопје.

Истиот е член на Здружението за казнено право и криминологија и еден од основачите и член на Извршен одбор на Македонското пенолошко друштво.

***Во прилог е прикажана кратка научна евалуација на трудовите:***

Nanev, Lazar and Kosevaliska, Olga and Ivanova, Elena (2017) *Притвор во постапката спрема деца.* Зборник на трудови од Четврта научна меѓународна конференција Општествените промени во глобалниот свет, 4 (4). ISSN 978-608-244-353-9. Целта на овој труд е да го проблематизира прашањето за притворот во македонското кривично законодавтсво, неговата законска уреденост и потребата од допрецизирање на законските одредби во овој дел. Исто така, во трудот се укажува на потребата од доимплементирање на ратификуваните меѓународни инструменти во Законот за правда за децата и се даваат компаративни аспекти на законската уреденост на притворот за малолетничките законодавства на земјите во регионот.

Buzarovska-Lazetik, Gordana and Nanev, Lazar, Kosevaliska, Olga (2016) *Ресторативна правда спрема деца.* Македонска ревија за кривично право и криминологија, 1 (1). pp. 1-24. ISSN 1409-5327. Целта на овој труд е да ја дефинира и елаборира ресторативнта правда и постапките на ресторативно постапување согласно со Законот за правда за децата. Исто така, ќе ја анализираме реалната примена во бројки на ресторативните постапки за 2014 година, со цел да откриеме дали амбициите за нејзино заживување се само теоретски и не ветуваат вистинска афирмација во казнено-правниот систем.

Nanev, Lazar and Kosevaliska, Olga (2016) *Заштита на деца жртви на кривични дела и сведоци во кривичната постапка.* Стручно списание „Правник“ (293). pp. 50-60. ISSN 1409-5238. Кривично правната заштита на децата жртви во казнениот систем на Република Македонија е поставен врз начелата на „Правда за децата“ кои ги вклучуваат правата на децата да можат да учествуваат во судските постапки на начин соодветен за возраста, а во согласност со најдобриот интерес. За сите дејствија што со закон се предвидени како кривични дела во Кривичниот законик, во кои според законските обележја на делото детето се јавува како жртва на истото, судот и другите органи што учествуваат во постапката се должни да преземат мерки за помош и заштита и да постапуваат на начин на кој ќе се избегнат можните штетни последици за неговата личност и развој. Овој труд ја елаборира токму положбата на детето жртва на кривично дело.

Nikolov, Igor and Atanasovski, Ivan and Nanev, Lazar (2016) *Влијанието на ставовите на граѓаните на Република Македонија базирани на полот и возраста за законите од спортот во Република Македонија.* In: Second International Scientific Conference - Research in Physical Education, Sport and Health, Skopje, 2016, Skopje, Macedonia. Оваа истражување има за цел да ја истражи улогата на државата, особено во нејзиниот нормативен дел за развојот на спортот на сите негови нивоа. Анализирани се денешните државни и локалани институции и нивните надллежности во делот на спортот, нивната функционалност, како и нивната можност да помогнат во институционалното подобрување на спортот.

Buzarovska - Lazetik, Gordana, Kosevaliska, Olga and Nanev, Lazar (2015) *The “Extension” of the Roman Criminal Law in Today’s Macedonian Criminal Laws.* Mediterranean Journal of Social Sciences MCSER Publishing, Rome-Italy, 6 (2). pp. 318-323. ISSN 2039-9340 (print) 2039-2117 (online). Целта на овој труд е да се покаже огромното влијание коешто Римското кривично право го извршило на модерните казнени законодавства. Авторите со овој труд на еден начин ја докажуват „екстензијата“ на римското кривично право и во македонското кривично право, илустрирајќи ги институтите кои денес се дел од нашето кривично законодавство, а кои оригенерно потекнуваат од антички Рим.

Buzarovska-Lazetik, Gordana and Nanev, Lazar, Kosevaliska, Olga (2015) *Вештачењето и „еднаквоста на оружјата“.* Здружение за кривично право и криминологија на Македонија, 22 (1). pp. 33-48. ISSN 1409-5327. Принципот на правнично судење, гарантиран со член 6 од ЕКЧП изразен преку неговиот есенцијален елемент - еднаквоста на оружјата е главна тема на овој труд. Авторите преку истражување на судската пракса прават обид за согледување на предностите кои ги има обвинителот во кривичната постапка, а кои го ставаат истиот во поповолна положба наспроти одбраната, во случаите кога станува збор за примена на вештачењето и на новиот институт на технички советник во кривичната постапка.

Buzarovska - Lazetik, Gordana and Kosevaliska, Olga and Nanev, Lazar (2015) *Слободното судско уверување и индивидуализацијата на санкциите во светлината на законските решенија за воедначување на казнената политика.* Зборник на научни трудови, Втора научна меѓународна конференција Општествени промени во глобалниот свет, 3-4 септ. 2015, Штип, 1 (2). pp. 117-147. ISSN 978-608-244-267-9. Во труд е елабориран Законот за определување на видот и одмерување на висината на казната, како и нужноста од донесувањето на овој Закон и компаративно истражување за т.н. sentencing guidelines и нивната облигаторност односно факултативност при одредувањето и одмерувањето на казната.

Buzarovska-Lazetik, Gordana, Kosevaliska, Olga and Nanev, Lazar (2014) *School bullying - A comparative approach -* Iustinianus Primus Law Review, 6 (10). pp. 1-18. ISSN 1857-8683. Во овој труд авторите прават обид за елаборација на феноменот „насилство во школото“ согледано низ неговите феноменолошки појавни облици – физичко, психичко и сајбер насилство во основните и средни училишта во Македонија. Авторите исто така ги елаборираат и применливите политики и стратегии на релевантните органи за превенција од насилство во училиштата.

Kosevaliska, Olga and Nanev, Lazar (2014) *Adequacy of the new terminology in the Law for justice for children.* Balkan Social Science Review, 3 (1). pp. 1-20. ISSN 1857- 8772. Во овој труд авторите даваат анализа на новото законодавство релевантно за децата сторители и децата жртви на кривични дела, согласно со Закон за правда за децата. Авторите даваат краток историски приказ на малолетничкото казнено законодавство и потоа прават обид за детектирање на неконзистентните термини и одредби од новото законодавство.

Buzarovska - Lazetik, Gordana and Kosevaliska, Olga and Nanev, Lazar (2014) *Предизвиците на новата кривична постапка против деца.* In: Општествените промени во глобалниот свет, 11-13 Sept 2014, Правен факултет, УГД - Штип. Успехот во борбата против детското престапништво во голема мера зависи од адекватниот пристап на надлежните институции во постапката против деца. Оттука, овој труд има за цел да ја анализира постапката против дете кое сторило дејствие кое со закон е предвидено како кривично дело, компаративно да направи споредба со претходните одредби од Законот за малолетничка правда за да се укаже на предностите коишто ги дава новата легислатива.

Kosevaliska, Olga and Nanev, Lazar (2014) *Информатичкиот систем на ЕВРОПОЛ.* In: Влијанието на научно-технолошкиот развиток во областа на правото, економијата, културата, образованието и безбедноста во Република Македонија: Зборник на трудови / Втора меѓународна научна конференција, 30-31 Oct 2014, Skopje, Macedonia. Една од главните задачи на ЕВРОПОЛ е собирање, чување, обработка, анализа и размена на податоци и разузнавачки информации, како и известувања до надлежните органи на земјите-членки за информациите што ги засегаат и за сите откриени врски меѓу кривичните дела. Овој труд има за цел да го елаборира Информатичкиот систем на ЕВРОПОЛ и да укаже

на неговите предности и недостатоци кои би можеле да го нарушат и доведат во прашање мандатот на ЕВРОПОЛ.

Tusevska, Borka and Kosevaliska, Olga and Sotiroski, Ljupco and Nanev, Lazar (2014) *Стечаен криминалитет.* In: Меѓународен дијалог Исток -Запад, 25-26 Apr 2014, Свети Николе, Македонија. Целта на овој труд е да го елаборира отворањето на стечајна постапка врз правните субјекти која предизвикува хаос во бизнис односите со партнерите. Кандидатот заклучува дека со нејзиното отворање се појавуваат како спорни бројни прашања и интереси кои ги тангираат договорните страни, но се отвора и можност за заобиколување, па дури и прекршување на одредбите од релевантното законодавство и незаконско присвојување на имот или профит.

Atanasovski, Ivan and Nikolov, Igor and Nanev, Lazar (2014) *View points and opinions of Macedonian citizens on sports laws based on their Residency status.* In: First International Scientific Conference - Research in Physical Education, Sport and Health, Ohrid, Ohrid. Овој труд има за цел да ги елаборира ставовите и мислењата на македонските државјани, а во врска со релевантното законодавство кое го регулира спортот. При истражувањето на ставовите и мислењата на македонските државјани, користен е $\chi^2$-test на вкупно 306 испитаници, а податоците се обработени со SPSS софтвер за Windows Version 17.0.

Atanasovski, Ivan and Nanev, Lazar (2014) *Difference between sports betting and gambling on the aspect of educational level of citizens who are active users of the games of chance in the Republic of Macedonia.* Research in Physical Education, Sport and Health, 3 (1). pp. 47-50. ISSN 1857-8160. Овој труд има за цел да ја елаборира разликата помеѓу спортското обложување, како дозволена и законски регулирана активност, од една страна, и коцкањето како социјално недозволено и криминогено поведение, од друга страна. Во оваа смисла, авторите прво го дефинираат спортското обложување и неговата законска детерминираност и коцкањето и мотивот за истото, па потоа се впуштаат во етиолошко и феноменолошко елаборирање на дадената тема.

**Книга**

Buzarovska - Lazetik, Gordana and Kosevaliska, Olga and Nanev, Lazar (2015) *Кривично постапување спрема деца во ризик и деца во судир со закон.* Кривично постапување спрема деца во ризик и деца во судир со закон, 1 (1). Универзитет „Св.Кирил и Методиј“, Правен факултет „Јустинијан Први“, Скопје. ISBN 978-608-4655-53-4. Подготвениот учебник е прифатен со Одлука бр. 02-417/87 од 8.4.2015 г. на Наставно-научниот совет на Правен факултет „Јустинијан Прави“ при УКИМ. Учебникот е пишуван според ревидираното законодавство за деца – Законот за правда за децата. Учебникот ја обработува и проблематиката која е врзана за децата сторители на кривични дела, но и децата жртви и сведоци на кривични дела. Истиот е наменет, пред сè, за студентите на студиите од втор циклус на правните науки, но може да помогне и во совладување на материјата посветена на децата во ризик и за студентите на прв циклус на правните науки.

Lazar, Nanev and Kosevaliska, Olga (2018) Малолетничко казнено право – скрипта, Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип; Ова учебно помагало е посветено на санкциите коишто можат да се изречат спрема децата се наметна со оглед на фактот што оваа материја од материјалното, процесното и пенетенцијарното казнено право се издвои во посебен закон. Новите приоди во постапувањето беа првично прифатени во Законот за малолетничката правда, којшто се применуваше од 2009 до 1 декември 2013 година, а истите со мали измени постојат и во Законот за правда за децата. Подготвеното учебно помагало е наменето, пред сè, за студентите на студиите од прв циклус на правните науки, но може да помогне и во совладување на материјата посветена на децата во ризик и за студентите од втор циклус на правните науки.

Lazar, Nanev and Kosevaliska, Olga (2018) Малолетничко казнено право – практикум, Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип. Подготвениот практикум содржи обрасци за процесните решенија со кои се изрекуваат воспитните мерки и тоа дисциплински мерки, мерките на засилен надзор, заводските мерки, понатаму алтернативните мерки, казните и мерките на безбедност. Овој практикум е наменет, пред сè, за студентите на студиите од прв циклус на правните науки, но може да помогне и во совладување на материјата посветена на децата во ризик и за студентите на втор циклус на правните науки.

**Монографија**

Nanev, Lazar and Ilievski, Jovan and Jakovcevska, Liljana and Kosevaliska, Olga (2014) *Процедури за постапување со дете - жртва.*. Процедурите се креирани поради тоа што денес голем број деца страдаат поради криминал и злоупотреба на моќ, поради тоа што правата на тие деца не се соодветно препознаени, поради тоа што можат да бидат изложени на дополнителни тешкотии кога помагаат во правниот процес, дотолку повеќе што децата се ранливи и имаат потреба од посебна заштита која одговара на нивната возраст, нивото на зрелост и индивидуалните посебни потреби, со што би се спречила виктимизацијата на децата.

**Приказ на докторската дисертација на д-р Лазар Нанев со наслов:**

„Криминолошки аспекти на стопанскиот криминалитет" содржи воведни напомени, осум глави и заклучни согледувања со предлози де леге ференда. Дисертацијата опфаќа текст од вкупно 306 компјутерски печатени страници, со големина 12 за основниот текст и 10 за текстот во фуснотите, проред 1.5, со вкупно 350 фусноти и 5 страници содржина. Кон основниот текст на дисертацијата е придодаден преглед на цитираната литература со вкупно 207 библиографски единици.

Основниот текст на дисертацијата (284 страници) е систематизиран во вовед, осум одделни глави и заклучни согледувања со предлози за идни измени во законодавството:

- *воведниот дел* - насловен како Општественото и научното значење на стопанскиот криминалитет ги содржи општиот пристап кон насловот на трудот, општественото и научното значење на стопанскиот криминалитет, предметот на проучување, целите на трудот и методолошкиот пристап во анализата и изведувањето на заклучоците;

- *Првата глава - Поим и основни карактеристики на економските системи* (стр. 33 - 47) - започнува со пристапот во дефинираањето на стопанскиот систем и неговите субјкети. Авторот прави анализа на економските системи од аспект на концептот на глобализацијата на современото општество кое има најдиректно влијание врз концептот на стопанскиот систем и неговото функционирање.

- *Втората глава - Поим и развој на концептите за стопанскиот криминалитет* (стр. 47-86) - авторот прави анализа на повеќе дефиниции за стопанскиот криминалитет, настанати во различни периоди, пред сѐ дефинирање на стопанскиот криминалитет како неопходност за истражувањето. Во дефинирањето на стопанскиот криминалитет авторот се осврнува критички најпрво на поимот на стопанскиот криминалитет во граѓанската криминологија, а потоа и на поимот на стопанскиот криминалитет во теоријата и законодавствата на источноевропските земји каде што стопанските системи врз кои се градеа овие теории за стопанскиот криминалитет се распаднаа. Вториот дел од оваа глава се однесува на анализа на стопанскиот криминалитет во Русија и анализираните прашања кои се однесуваат на тоа, во која мера тој е откриен и кои се штетните последици и жртвите од него и на сфаќањето за стопанскиот криминалитет во теоријата и законодавството на поранешна СФРЈ. Теоретската анализа на поранешниот стопански систем и неговата специфичност и дефинициите кои ги има дадено научната мисла во поранешна СФРЈ му овозможуваат на авторот единствено следење на стопанскиот криминалитет и неговото согледување за трансформацијата на економскиот и на политички систем, преку напуштање на концептот за заштита на стопанскиот систем и воспоставување на нов концепт за заштита на правото на сопственост. Врз основа на направената анализа авторот во трудот дава криминолошка и кривично-правна дефиниција на стопанскиот криминлитет.

- *Трета глава - Стопанскиот криминалитет и другите облици на криминалитет* (стр. 87-113) - излагањата започнуваат со објаснувањата на односот на стопанскиот криминалитет со другите видови на криминалитет со кои има не само заеднички етиолошки основи, туку и феноменолошки карактеристики.

- *Четврта глава – Казнено-правен пристап кон стопанските деликти* (стр. 113-120) - авторот прави анализа на стопанските престапи и стопанските прекршоци како повреди на правилото за стопанско и за финансиско работење и анализа на позицијата на правните лица во казненото право, барајќи одговор на прашањето за одговорност или не на правните лице.

- *Петта глава - Меѓународно-правна рамка за спречување на стопанскиот криминалитет* (стр. 121-132) - авторот прави анализа на меѓународните документи, на нивното значење во борбата за спречување на стопанксиот криминалитет, како и на прашањето за уредување на домицилното законодавство со конвенциите и со меѓународниоте стандарди. Посебно внимание посветува на значењето на Конвенцијата на ОН против транснационалниот организиран криминал, Конвенцијата на ОН против корупцијата, Конвенцијата за перење на пари, откривање, замрзнување и за конфискација на приносите од криминалот (Стразбурчка конвенција), Казнена конвенција за корупцијата и Цивилната конвенција за спречување на корупцијата. Авторот се погрижил, секогаш кога тоа е можно, теоретската анализа на одделните правила да биде проследена со анализа и споредување на податоците од националните законодавства и практика во државите членки на Советот на Европа.

- *Шеста глава – Феноменологија на стопанскиот криминалитет* (стр. 133-213) - е, всушност, и најобемен дел од трудот, во кој авторот, се занимава и прави анализа на начинот на кој се манифестира казненото дело. Во првиот дел од оваа глава авторот ги анализаира феноменолошките карактеристики на стопанскиот криминалитет согледани преку неговата прикриеност и темната бројка, неговата сложеност и динамичност, и специјализацијата и професионализацијата на извршителите. Посветува посебно внимание и прави анализа на новиот концепт и облиците на економскиот криминалитет во Европа, кој го третира како резултат од зголемување на економската глобализација. Во вториот дел од главата авторот прави анализа на појавните облици со посебен осврт на незаконитостите во приватизацијата, измамата при увозот-извозот, даночните измами и јавнита набавки и посебно ја анализира сивата економија како посебен облик на стопански криминал притоа изведувајќи заклучок дека сивата екомомија сериозно го разорува и доведува во прашање ефективното раководење со економијата. Во третиот дел авторот преку статистички податоци го следи движењето на стопанскиот криминалитет и од направената анализа го изведува заклучокот дека стопанскиот криминалитет се јавува како најраспространет начин на криминално дејствување и нарушување на законитоста во државата.

- *Седма глава – Етиологија на стопанскиот криминалитет* (стр. 213-244) - авторот прави анализа на причините кои довеле до стопанскиот криминалитет со посебен осврт на приватизацијата како грабеж и уништување на македонското стопанство со изведување на заклучок дека промените што со себе ги донесе транзицијата во РМ, промените во политичкиот правниот и стопанскиот систем, доведоа до распаѓање на стопанскиот систем, до растурање на претпријатијата во општествена и државна сопственост со висок степен на несигурност за живеење на граѓаните, изрзена преку осиромашување на населението, висок степен на невработеност, стагнација во економскиот развој.

- *Осма глава – Систем за отстранување и за превенција на стопанскиот криминалитет* (стр. 245-284) – во првиот дел од оваа глава авторот прави анализа на превентивните стратегии на Советот на Европа и на Европската Унија како основни стратешки правци. Во вториот дел се претставени основните постулати на превенцијата во Република Македонија, со констатација дека во целиот транзициски период отсуствува добро осмислен и научно фундиран концепт за борба против стопанскиот криминалитет. Посебно ја анализира казнената политика со заклучок од потребата за заострување на казнената политика за кривичните дела од областа на стопанскиот криминалитет.

- *Заклучните согледувања* со предлози де леге ференда (стр. 285-295) - сумарно ги содржат согледувањата до кои дошол авторот при анализа на одделните прашања, при што од особена важност се предлозите што тој ги дава за измени и дополненија на националното законодавство и посебно активностите за борба против стопанскиот криминалитет и потребата од донесување на Национална стратегија за борба против стопанскиот криминалитет.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Комисијата со задоволство ги прегледа доставените документи на кандидатот насл. вон. проф. д-р Лазар Нанев, објавените научни и стручни трудови, учебните помагала, учествата на меѓународно научни конференции, активности од научноистражувачки проекти, стручно-апликативна и организациска работа и врз основа на севкупната негова активност од првиот избор во насловен вонреден професор до денес, заклучи дека д-р Лазар Нанев ги исполнува условите за повторен избор во насловен вонреден професор во областа казнено право, согласно со Законот за високо образование и Правилник за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни и наставни звања на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип.

За целокупната активност во периодот од првиот избор во насловен вонреден професор до денес, кандидатот д-р Лазар Нанев има врз основа на научноистражувачка работа, наставно-образовна работа и стручно-апликативна, односно организација работа остварено (НО30 +НИ81+САОР17 = 128) или вкупно 128 поени.

Според гореизнесеното, Комисијата има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип д-р Лазар Нанев да биде избран во насловно **звање насловен вонреден професор во научната област казнено право.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Академик Владо Камбовски, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Гордана Лажетиќ, с.р.**
**Проф. д-р Гордан Калајџиев, с.р.**

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| Р. бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| 1. | Избор во звање доцент | 1 | 30 | | | 30 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **30** |

| Р. бр. | Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| 1. | Монографија или научна книга<br>Труд бр.19 | 1 | 10 | | | **10** |
| 2. | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор, втор автор, останати автори) | (втор автор) - 3x6=18<br>Труд бр.6,8,9<br>(трет автор) - 3x3=9<br>Труд бр.2, 5, 7,<br>Вкупно: 18 + 9 | | | | **27** |
| 3. | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир | 7x2=14<br>Труд бр. 1, 3, 4, 10, 11, 12, 13 | | | | **14** |
| 4. | Одржано предавање по покана од научна институција<br>Летна школа за кривично право, 2016 и 2017<br>Летна школа за природно право, 2017 | 3X2=6 | | | | **6** |
| 5. | Одбранета докторска теза | 1x8=8 | | | | **8** |
| 6. | Одбранета магистерска работа | 1x4=4 | | | | **4** |
| 7. | Учесник во научен проект | 1x2=2 | | | | **2** |
| 8. | Рецензент на научен трудСЦИ/ЦА/ останати | 10 | | 1 | | **10** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **81** |

| Р. бр. | Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| 1. | Книга<br>Труд бр.17 | 1 | 10 | | | **10** |
| 2. | Труд во стручно (научно-популарно списание)<br>Труд бр.14 | 1 | 2 | | | **2** |
| 3. | Член на универзитетски или владини тела<br>(член на Националното тело за злоставување и занемарување на деца) | | 5 | | | **5** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **17** |
| Поени кои се однесуваат на целокупната актива на кандидатот | | НО | НИ | САОР | | |
| **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | **30** | **81** | **17** | | **128** |